# Службен гласник

| Број 30 | Понеделник, 23.03. 2015 год. |
|---|---|

на Општина Кавадарци


**С О Д Р Ж И Н А**


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2015 година; | **2** |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2015 година; | **2** |
| Решение за објавување на Одлука за одредување на приоритетни проекти за користење на средствата од Грантот ЕУ ИПА-за рурален развој; | **4** |
| Одлука за одредување на приоритетни проекти за користење на средствата од Грантот ЕУ ИПА-за рурален развој; | **4** |
| Решение за објавување на Одлука за ослободување од плакање надоместок за уредување на градежно земјиште; | **5** |
| Одлука за ослободување од плакање надоместок за уредување на градежно земјиште; | **5** |
| Решение за објавување на Заклучок по Програма за работа на ЈОУ Дом на култура”Иван Мазов –Климе” Кавадарци за 2015 година; | **6** |
| Заклучок по Програма за работа на ЈОУ Дом на култура”Иван Мазов –Климе” Кавадарци за 2015 година; | **7** |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура; | **7** |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура; | **8** |
| Решение за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци; | **9** |
| Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци; | **9** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот**
**на Општина Кавадарци за 2015 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2015 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.03.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-1439/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.03.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 84 од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на РМ бр 17/2011,53/2011,144/2012, 153/2012, 25/2013, 137/2013, 163/2013,15/2015) а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весникна РМ„бр.38/11,93/11,65/12,75/12 , 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14), член 36 став1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.03.2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2015 ГОДИНА

Во Програмата бр.07-5805/1 од 22.12.2014(„Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.26/2014,бр.28/2015) се врши следното изменување и дополнување :

1. Во глава V Извори на финансирањето на Програмата и распределба, во табелата, под ред.бр.4 Средства од Буџетот на Општината –

даноци , износот од 43.160.000,00 ден. се заменува со износ од 45.160.000,00 ден.

Вкупната вредност на приходите се менува од 141.936.000,00 денари на износ од 143.936.000,00 ден.

2. Во глава XII .ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА ЗА ПРОЕКТИ НАДЗОР НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА **се менува и гласи**

После поз. 1 се додава нова поз. 2 која гласи:

-Теренски истражни работи,
лабораториски истражувања
и испитувања,изработка на
елаборати и техничка документација
за санција на свлечишта во с.Ваташа со износ од 2.000.000,00 ден.

Вкупната вредност за проектирање, ревизија за проекти, надзор на комунална изградба се менува од износ 5.500.000,00 на износ од 7.500.000,00 ден.

ВКУПНИОТ РЕКАПИТУЛАР **за комунална изградба за 2015 се менува и гласи :**

**А.Изградба на улици,реконструкција на улици и др.објекти по МЗ се менува од 52.250.000,00 на 54.250.000,00 ден.**

Вкупниот рекапитулар се менува од 141.936.000,00ден.на 143.936.000,00 ден.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08 – 1244/1**
**20.03.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одредување на приоритетни проекти за користење на средствата од Грантот ЕУ ИПА-за рурален развој**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одредување на приоритетни проекти за користење на средствата од Грантот ЕУ ИПА-за рурален развој, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.03.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-1439/2**
**23.03.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.03.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одредување на приоритетни проекти за користење на средства од ЕУ ИПА грантот за рурален развој**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одредуваат три приоритени проекти кои ке се аплицираат по објавениот повик за користење на средства од Европска Унија- ИПА грантот за рурален развој:

- проект “Асфалтирање и поплочување на улици и тротоари во селата Марена, Дреново, Ваташа, Сопот и Глишиќ,,
- проект “Реконструкција и интервенции на локалните патишта за селата Раец, Дреново, Ресава , Возарци и Рожден,,
- замена на 400 улични светилки со штедливи флуросцентни светилки во селата: Ваташа, Шивец, Возарци, Дреново, Сопот, Марена, Ресава, Бегниште, Дабниште, Бохула, Чемерско, Крњево, д.Бошава, г.Бошава, Конопиште, Рожден, Мрежичко, Мајдан, Раец, Фариш, Страгово, Гарниково и Бојанчиште.

**Член 2**

Финансиските средства за реализација приоритетните проекти во висина од 260.000 евра ќе се обезбедат од Европската Унија ИПА програмата.

**Член 3**

Финансиската поддршка од член 2 изнесува 100% од вредноста на приоритетните проекти без вклучен ДДВ.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сужбен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр. 08-1244/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.03.2015 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова- Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за ослободување од плакање надоместок за уредување на градежно земјиште**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за ослободување од плакање надоместок за уредување на градежно земјиште, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.03.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-1439/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.03.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.03.2015 година, донесе

О Д Л У К А
за ослободување од плаќање надоместок
за уредување на градежно земјиште

Член 1

Општина Кавадарци Локална Самоуправа се ослободува од обврската за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на училници за СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци, на Градежна парцела 1.1 согласно ДУП Кавадарци Архитектонско урбанистички проект за Гимназија "Добри Даскалов" тех.бр.25/2008 изработен од "АРХ и КОНС" Кавадарци, Одлука бр.01-996 од 05.06.1976 година, која претставува КП.бр.13606/1 КО Кавадарци 2 во износ од 1.403.500,00 денари.

**Член 2**

Општина Кавадарци Локална Самоуправа го превзема на свој товар уредувањето на градежно земјиште во делот на приклучоците на комуналната инфраструктурна мрежа (атмосферска, канализациона мрежа, водоводна мрежа, нисконапонска електрична мрежа, и друга инфраструктура) и истата ќе ја предаде на јавното комунално претпријатие и овластени субјекти да стопанисуваат со истата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во"Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-1244/3**
**20.03.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова- Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок по Програма за работа на ЈОУ Дом на култура”Иван Мазов –Климе” Кавадарци за 2015 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот по Програма за работа на ЈОУ Дом на култура”Иван Мазов –Климе” Кавадарци за 2015 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.03.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-1439/4**
**23.03.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05) расправајки по Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура ”Иван Мазов Климе” Кавадарци за 2015 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Програмата за работа на ЈОУ Дом на култура ”Иван Мазов Климе” Кавадарци за 2015 година се симнува од дневен ред.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-1244/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.03.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.03.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-1439/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.03.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 113 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" брг.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, бр.72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура

### Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура, на тој начин што со идната урбанистичко планска документација ќе се изврши усогласување со состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање бр.14-6124** на барателот **ДИПМПТ КОДИНГ ДООЕЛ с.Конопиште, Општина Кавадарци**
   - **деловен објект – зграда бр. 1** изграден на **КП бр.529/2** и зафаќа дел од **КП бр.529/1, КП бр.530/4 и КП бр.530/1 КО Конопиште на м.в.Село**
   (објектот зафаќа со дел на предвидена сообраќајна инфраструктура)

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-1244/5**
**20.03.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова- Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.03.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-1439/6** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.03.2015 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавдадарци"бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката бр.07-4925/6 од 30.10.2014 година „(Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.21/2014) и тоа:

член 7 СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ :

"Вид на постапка од Законот за јавните набавки
Начин и рок за спроведување на постапка

Постапката за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци ке се спроведе преку отворен повик, согласно Законот за јавни набавки .

Критериум за избор на најповолна понуда е :

- Концесискиот надомест - 100 бода.

Постапката од став 1 на овој член ке се спроведе во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука".

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-1244/6**
**20.03.2015 година**
**К а в а д а р ц**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова- Вилхелм**